Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 92, 15 ноември 2012 година

ноември 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно-научната област биологија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научните области електротехника и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 17

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научната област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 21

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научна област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на два наставника во сите звања за наставно-научната област/поле клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за наставно-научната област/поле фармацевтска технологија и социјална фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област јавно здравство и здравствена заштита на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 42

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 46

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 53

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез композиција и џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 59

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти – обоа и камерна музика на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 64

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 77

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 82

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 87

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Агрохемија и исхрана на растенијата" поднесен од авторот Рубин Гулабоски, вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 90

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник со наслов „Методика на наставата по природа и наставата по општество" од проф. д-р Кирил Цацков и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 94

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по природа и наставата по општество" од проф. д-р Кирил Цацков и д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 97

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 100

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ЏЕЗ КОМПОЗИЦИЈА И ЏЕЗ ГИТАРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на седницата одржана на 5.9.2012 година, донесе Одлука бр. 1902-158/3 за распишување на Конкурс за избор на ***наставник во сите звања*** за наставно-научните уметнички области ***џез композиција и џез гитара*** на Факултетот за музичка уметност.

На 17.10.2012 година, Наставно-научниот уметнички совет донесе Одлука број 1902-174/9 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните уметнички области џез композиција и џез гитара на Факултетот за музичка уметност во следниов состав:

– вон. проф. м-р Георѓи Мицанов, научно-наставна уметничка област видови инструменти - саксофон, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
– вон. проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска, научно-наставно уметнички области теорија на музиката и Композиција, вработена на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, член;
– вон. проф. д-р Илчо Јованов, научно-наставните уметнички области теорија на музиката и музичка педагогија, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 5.10.2011 г., за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област *џез композиција* и *џез гитара* се пријави само еден кандидат: м-р Антонијо Китановски.

Критериумите за избор на наставник во сите звања наведени во Конкурсот беа следни:

кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен, како и да ги исполнува останатите услови наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, пријавениот кандидат ги достави во целост:

– пријава;
– диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд – има;
– уверение за положени испити;
– потврда за странски јазик – има (десетгодишен студиски престој во САД);
– кратка биографија;
– список на трудови/концерти (член 127);
– уверение за државјанство.

***Биографски податоци***
***Едукација*:**
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (2011 – 2012).
Магистрирал на Одделот за џез студии, насока: Гитара.
Berklee College of Music (1990 – 1996) Boston, MA U.S.A.
Дипломирал четиригодишни студии по џез композиција.
Приватни студии по композиција со Денис Грило (Denis Grillo).
Приватни студии по џез гитара со Драган Ѓаконовски - Шпато (1979 – 1987).

**Антонијо Китановски** е ученик на доајенот на македонскиот џез Драган Ѓаконовски-Шпато. По интензивен осумгодишен тренинг под менторство на Ѓаконовски, доделена му е наградата *Robert Share* од престижниот Berklee College of Music во Бостон, САД. Оваа исклучително ретко доделувана награда во форма на платени четиригодишни студии му овозможува студиски престој во татковината на џезот. Престојот го Америка го продолжува на цели десет години, како активен професионален музичар. Во својата уметничка кариера има остварено голем број настапи во соработка со врвни имиња на џез музиката, меѓу кои Грег Хопкинс, Чарли Маријано, Вини Голија и Теодоси Спасов.

Добитник е на наградата *Charles Mingus* за несекојдневни остварувања во областа на музичката композиција во западноевропската традиција.

***Наставно-образовна дејност***

Од 2007 година работи како доцент по џез гитара и џез композиција на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип. На истиот факултет предавал широка палета на предмети од повеќе области, комбинирајќи ги своите стекнати академски квалификации, но и своето богато практично искуство како активен уметник на светската сцена. Китановски има изготвено скрипта наменета за усовршување на техниката на изведбата на џез гитара.

Китановски е раководител на Одделот по џез студии и раководел на студенти на манифестации во земјава и во странство.

Бил рецензент на повеќе наставници на Факултетот за музичка уметност во Штип.

***Наставни активности***

Ги креирал и предавал следниве предмети:

Втор циклус на студии

- Музика на човековиот род;
- Џез ансамбл (мастер ниво);
- Напредни техники на импровизација 1 и 2;
- Инструментални студии по џез гитара.

Прв циклус на студии

- Семинар по џез композиција;
- Аранжирање 2;
- Инструментални студии по џез гитара;
- Вовед во историја и теорија на џезот;
- Атонален солфеж.

Ментор при изработка на дипломски и магистерски трудови

***Гостин-предавач***

- Националната академија „Панчо Владигеров“ - Софија, Бугарија (2008) „Напредни импровизаторски техники во современиот џез“.
- Association “Balkan Transit”, Caen, France (2009) „Џез гитара и импровизација“

*Стручно-уметнички активности*

Во текот на периодот од 2007 до 2012 година, Китановски реализираше исклучително голем број солистички концерти на реномирани интернационални фестивали и во признати сали во земјава и во странство. Има издадено ЦД изданија под свое име како композитор, изведувач и продуцент за домашни и странски куќи. Композитор е на музичката подлога на неколку филмски остварувања.

***Концертни активности***

***Избор од настапи на престижни интернационални фестивали***

1. *Dunya World Music Festival*, Rotterdam, Holland;
2. *Sziget Festival*, Budapest, Hungary;
3. *Rio Loco*, Toulouse, France;
4. *Trento Summer*, Trento, Italy;
5. *Bath Fringe Festival*, Bath, England;
6. *Balkan Fever Festival,* Vienna, Austria;
7. *Skopje Jazz Festival,* Скопје, Македонија;
8. *Off Fest,* Скопје, Македонија;
9. *Guitar Art Festival,* Belgrade, Serbia;
10. *Durham International Brass Festival,* Durham, UK;
11. *Lent Festival,* Maribor, Slovenia;
12. *Europaische Kirchenmusic Festival,*Schwabisch Gmund, Germany;
13. *Balkan Fever Festival,* London, UK;
14. *Berlin Jazz Festival*, Berlin, Germany;
15. *Barbican Hall "Blaze festival",* London, UK.

***Избор од настапи во престижни концертни сали***

1. "Porgy & Bess", Vienna, Austria;
2. "Moods", Zurich, Switzerland;
3. "Pizza Express" and "Ronnie Scott's", London, UK;
4. "La Belle Villoise", Paris, France;
5. "Le Cargo", Caen, France;
6. "Bozar", Brussels, Belgium;
7. "Quai Des Arts", Argentan, France.

***Музички ЦД изданија***

1. 2011 – "Shukar", Toni Kitanovski & Cherkezi, со Bob Stewart и Paquito Echevaria - ENJA Records, Германија;
2. 2012 – "Boston", Тони Китановски трио со Greg Hopkins, Александар Секуловски, Иван Бејков, Oscar Salas и Izzet Kizil – SJF Records, Македонија;
3. 2006 – "Borderlands", Toni Kitanovski & Cherkezi – ENJA Records, Германија.

***Компилациски ЦД изданија***

1. 2009 – Jazz from Macedonia – SJF Records, Македонија;
2. 2007 – "Beginner's Guide to Eastern Europe" - Nacente Records, UK;
3. 2006 – "Romano Suno – 2" - B92 Records, Србија;
4. 2006 – "Gypsy Garden – 2" – Lola's World Records, Germany.

***Музички продуцент***

1. 2011 – CD "El Raval", Васил Хаџиманов трио – SJF Records, продуцент;
2. 2012 – CD "Cu - ba – l - kan", Oscar Salas Group – SJF Records, продуцент.

***Нарачани композиции***

1. 2012 - European Jazz Network – химна, премиерно изведена на годишното собрание на оваа организација во Бари, Италија во изведба на Instabile Orchestra;
2. 2007 – "Cuttyhunk Island", Проширена оркестарска композиција за Македонската филхармонија и џез состав.

***Филмска музика***

1. 2012 – "Jezek", документарен филм на Petra Seliskar, автор на музиката, соработка со John Bonnar од Dead Can Dance.
2. 2011 – "The Berlin Project", долгометражен филм на Иво Трајков, автор на дел од музиката.
3. 2008 – „Француско око во Македонија", ТВ документарен филм, автор на музиката.
4. 2007 – "Movie", долгометражен филм на Иво Трајков, автор на музиката.

***Останати професионални активности***

– 2011 – кооснивач и уметнички директор на „Охрид џез фестивал", Охрид, Македонија;
– 2010 - 2011 – Уметнички директор на фестивалот „Џез самит", Кавадарци, Македонија;
– 2009 до денес – Уметнички директор на „Астибо џез фестивал", Штип, Македонија.

***Награди и признанија***

2010 – Амбасадор на македонската култура во ЕУ (по избор на Европската комисија).

***Стручно-апликативна дејност***

Китановски е редовен член на ННС и на комисиите на Факултетот за музичка уметност во Штип за приемни испити, завршни испити и признавање на испити. Китановски редовно учествува и во изготвувањето на наставните програми на Одделот по џез студии при Факултетот за музичка уметност, согласно со промените на ЕКТС од основањето на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Како особено истакнат член на академската заедница се потврдил со извршување на важни раководни функции по следнава хронологија:

2011 – 2012 г., раководител на Одделот по џез студии, УГД – Штип;

2007 – 2011 г., продекан за настава, ФМУ – Штип;

2007 г., член на Универзитетскиот сенат.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на кандидатот м-р Антонијо Китановски, детално може да се проследи дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање вонреден професор за наставно - научните уметнички области *џез композиција* и *џез гитара* на Факултетот за музичка уметност, наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметнички активности преку активно концертирање и за организационо-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев". Поради претходно наведеното, особена чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот уметнички совет да го усвои нашиот предлог и **кандидатот доцент м-р Антонијо Китановски да се избере во звање вонреден професор за наставно-научните уметнички области *џез композиција и џез гитара* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Георѓи Мицанов, вонреден професор, с.р.**
**М-р Валентина Велковска, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, вонреден професор, с.р.**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Антонијо Китановски**

| Реден број | **Наставно - образовна дејност** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 3. | Позитино рецензирана скрипта од предавања | **8** | |
| 14. | Ментор на одбранета дипломска работа | **3x1 = 3** | |
| 25. | Предавања | **72** | |
| 27. | Одржани предавања (или консултации) на втор циклус студии по одржан курс | **8** | |
| | Вкупно поени | **91** | |

| Реден број | **Научноистражувачка дејност и стручно - уметнички активности** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (целовечерни солистички концерти) 2 x 3 =6 и 20x 6 = 120 | **6** | **120** |
| 7. | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (настап на концерт во траење од 20 минути) 2x 2 = 4 | | **4** |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/устно)Концерт во земјава и странство (во симфониски оркестар) 1x 1 = 1 | **1** | |
| 11. | Одбранета магистерска работа | **4** | |
| 18. | Претседател на организационен одбор на фестивал 2x3=6 | **6** | |
| 21. | Сценско - музички награди | | **10** |
| | Вкупно поени | **151 од потребни 38** | |

| Реден број | **Стручно - апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 24. | Продекан | **8** | |
| 27. | Член универзитетски или владини тела | **5** | |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | **2** | |
| | Вкупно поени | **15** | |

**Вкупно 257**